## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеснаесеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,56 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на пратеници во Собранието.

(службите доставуваат точен број на пратеници)

Продолжуваме со работа по Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Шабан Салиу, Гоце Марковски, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Горан Мисовски, Фијат Цаноски и Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На дисплејот гледам двајца пријавени, претпоставувам се за процедурална интервенција.

Повелете господине Вељановски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседаеле.

Согласно одредбите на Деловникот, барам поддршка од 10 пратеници точката 7 да се разгледува пред точката 3. Односно Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за деловно финансирање на "Проектот за изградба на фискултурни сали", со Предлог на закон, како што кажав да биде на разгледување пред точката 3, со оглед на неопходноста од побрзо донесување на овој закон за да може да се заврши проектот со изградбата на фисклултурните сали.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Имате 10 пратеници во поддршка на предлогот? (Имате)

Тогаш, предлогот на господин Вељаноски точката 7 да се разгледува како точка 3 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 48, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека предлогот на Вељаноски е прифатен.

Според тоа, молам, службите да го премонтираат и ова сценарио.

(Пратеникот Роза Топузова Каревска бара збор процедурално)

Госпоѓа Топузова Каревска Роза бара збор процедурално, но ве молам почекајте да се заврши ова ако сакате, да работиме со ред, само службите да ја направат рокадата во дневниот ред, за да можам да ве слушам.

Повелете, госпоѓа Топузова Каревска има процедурална интервенција.

Молам, за тишина.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Навистина не можам да ја разберам оваа промена што сега во овој момент се случи дотолку повеќе што надвор, меѓу себе се консултиравме со претставници од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и беше кажано дека ќе зборуваме за Предлогот на закон за заштита на правата на пациентите. Но, очигледно сметате дека некои други работи се поприоритетни отколку законите што го носат предзнакот на Европска унија.

На неколку дена пред НАТО интеграцијата и на неколку месеци пред желбата да го добиеме конечно датумот за преговори со Европска унија, наместо да дебатираме по овие закони што го носат предзнакот на Европска унија, а покрај законот за заштита на правата на пациентите следуваат уште два закони, ние ги прескокнуваме сите три и сега ќе дебатираме за задолжување со некој кредит за Република Македонија, за изградба на сали, затоа што е тоа дел од политичкиот маркетинг на премиерот Груевски.

Почитувани колеги пратеници, очигледно дека едно се договараме и договорите важат само две-три минути, а потоа не важат, потоа ќе кажеме дека нема дијалог, нема конструктивен пристап. Па сигурно нема, кога за едно се подготвуваат пратениците и доаѓаме овде во една минута три пати ги менуваме ставовите, ги оставаме на страна приоритетните закони со предзнакот на Европска унија и дебатираме за нешто сосема друго.

Поради тоа барам пауза од половина час. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не гледам што паузата би променила во ова?

**Роза Топузова Каревска:** Да се подготвиме за оваа точка, затоа што не сме подготвени во овој момент. Како што гледате, имам преку 30-тина амандмани за Предлогот на закон за заштита на правата на пациентите. . .

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Топузова, да се разбереме, на координацијата што ја одржавме како прва редовна и што ќе ја имаме секој понеделник, стриктно е договорено дека во понеделник, вторник и среда ќе се разгледуа 98-та седница и тој договор е издржан. Прво, сакам да кажам дека договорот е издржан. Никој не го негира тоа, затоа што има записник. Тоа е тоа.

А, јас ве сослушав. Инаку, Деловнички е сосема чиста работата, рокадата што е направена според членот 74 став 2 и вие, со својата интервенција деловничка не оспоривте никаква процедура.

Меѓутоа, јас имам длабока почит за вашите ставови и не сакав да ве прекинувам. Но сега не гледам причина овој половина час за што би придонел?

**Роза Топузова Каревска:** Еве, јас ќе ви објаснам за што претседателе ќе придонесе.

Знаеме дека за еден закон што има преку 50 амандмани, во овој случај тоа е Законот за заштита на правата на пациентите, а потоа следуваат уште два закони што го носат предзнакот на Европска унија, очигледно е дека тие не можат да завршат во половина час.

Пратениците кои ги следат законите, гледате дека пред нив имаат еден куп материјали, за разлика од овие кои треба само да го притиснат копчето. Ние, не можеме да го имаме целокупниот материјал во секој момент пред нас и потребно е време за да можеме да се подготвиме за оваа точка што сега дојде апансас на дневен ред. Тоа е.

Не барам час, не барам два часа, не барам не знам колку, туку барам половина час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Два не можете да побарате, затоа што не е деловнички.

Јас не се согласувам со ова објаснување. Но, немам намера да ви ги ускратам вашите деловнички права.

Според тоа давам прекин од половина час, повелете.

(Паузата започна во 12,05 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,38 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со работа.

**Минувме на точка 7 - Предлог за донесување закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на “Проектот за изградба на фискултурни сали”, со Предлог на закон**

Процедурално за збор се јави господинот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам претседателе.

Навистина, ние пратениците сме шампиони за да направиме некоја збрка без никаква потреба.

Заменикот координатор на ВМРО-ДПМНЕ предложи да направи измена во дневниот ред.

Знаеме дека утре имаме нова седница за пратенички прашања. Задутре имаме закажано нова седница.

Убеден сум дека денес ние повторно ништо нема да донесеме, по овој закон ќе има толку дискусии што нема да се донесе, а бевме на правиот пат денес да донесеме три закони со европски предзнак.

Договорено беше со министрите и со пратениците, до 14.00 часот од денешната седница да заврши Законот за заштита на правата на пациентите, слушам дека повеќе од половина амандмани се прифатени и навистина ќе го завршивме. Ќе ги завршевме и овие два закони кои следеа, закони од ЕУ агендата. Вака денес ќе ни помине денот и повторно ништо нема да донесема. Значи, овој закон нема да се донесе, утре и задутре имаме нови седници, другата недела планирате реновирање на собраниската сала каде се држат пленарните седници. Затоа јас го молам предлагачот за промена на оваа точка, да ја повлече, денес да ги поминеме трите законски решенија со европскиот предзнак.

**Љубиша Георгиевски:** Јас го почитувам вашето мислење, но ми се чини процедурално малку е задоцнето, бидејќи гласавме и донесовме одлука околу тоа.

Што се однесува до нашиот договор, јас и во одговорот на госпоѓа Топузова, кажав дека договорено е да биде 98 седница, а не се договарани и точките затоа што на координација точките не можат да се договорат, тоа би било прејудицирано. Така што малку е задоцнета вашата интервенција.

Ако немате ништо против сега би продолжил со точката 7, како што ја најавив.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правна комисија и дописот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Како што е редот прво му давам збор на заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници.

Реформата на образованието е дел од приоритетите на тековниот пет годишен план на Владата на Република Македонија за периодот 2006-2010 година.

Сметаме дека изградбата на фискултурни сали, бидејќи има за цел подобрување на физичкото образование во основните и средните училишта низ целата земја, е дел од реформата во образовението што сака да ја направи Владата. Оттаму, Владата на Република Македонија донесе одлука за реализација на “Проектот за изградба на фускултурни сали”.

Преку овој проект Владата на Република Македонија очекува да се постигне усогласување на нивото на физичкото образовение на Република Македонија, со препораките на Советот на Европа што го имаат предвид значењето на физичкото образование во основните училишта, како начин за подобрување на перфомансите на учениците, во однос на предметите што ги изучуваат, долгорочните подобрување на нивното здравје и поттикнување на социјална интеракција меѓу учениците со различна национална припадност и способност.

Во овој проект се вклучува изградба на вкупно 145 фискултурни сали од кои 115 фискултурни сали во основните училишта кои ќе бидата финансирани со средства од Буџетот на Република Македонија останатите 30 фискултурни сали ќе бидат изградени во средните училишта во Република Македонија.

Вкупната пазарна вредност на - проектот за изградба на 30 фискултурни сали, изнесува 14.200.000 евра.

Владата на Република Македонија одлучи проектот за изградба на овие фискултурни сали делумно да го финансира со заем од Банката за развој, при Советот на Европа во висина од 12.500.000 евра, што претставува 87% од вкупната вредност на проектот. Остатокот од 13%, или во апсолутен износ 1,8 милиони евра, и дополнителните 18% од вкупната вредност на проектот за подмирување на обврските по основ на ДДВ ќе се обезбедат од Буџетот на Министерството за образование и наука.

Тука би сакал да напоменам дека во анализата што ја направивме оваа Банка понуди најповолни услови. Затоа Владата одлучи да ја избере оваа Банка и да се задолжиме кај неа.'

За тоа цел, подобрувањето на заемот од страна на административниот совет на Банката за развој при Советот на Европа и по извршените преговори по нацрт-текстот на Рамковниот договор за заем, двете страни односно Министерството за финансии во име на Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа се договорија заемот да се даде под следниве услови:

- Рок на отплата.

Рокот на отплата ќе се утврди на секоја транша оделно при што рокот на отплата е 20 години и има вклучен грејс период од 5 години. Каматната стапка и валутата ќе се одредуваат за секоја транша на заемот, одделно, на денот на повлекување на истата. Каматната стапка на сервисирање на заемот може да биде варијабилан или фиксна. Варијабилната каматна стапка еурибор, зголемен за варијабилен распон.

Заемот ќе се повлекува во неколку транши. Износот на секоја транша ќе се одредува во зависност од напредокот во изградбата на фискалните сали и реализацијата на проектот и планираните активности за идниот период.

Морам да кажам дека заемот ќе се повлекува најмалку во две транши. Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од стапнувањето на сила на Рамковниот договор за заем и не треба да надминува 50% од вкупниот износ на заемот. Повлекувањето на следните транши ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа и дека 90% од износот на претходаната транша е алоциран односно искористен. Сервисирањето на заемот ќе се врши од средства на Буџетот на Република Македонија.

Очекуваме изградбата на фискултурните сали во средните училишта да се реализира во периодот до 2010 година. Планиран датум на завршување на проектот е 30.06.2011 година.

Со цел реализирање и делумно финансирање на горе споменатиот проект кој вклучува изградба на 30 фискултурни сали во средните училишта, потребно е Министерството за финансии во име на Република Македонија да склучи Рамковен договор за заем со Банката за развој при Советот на Европа, поради регулирање на правата и обврските на договорните страни што ќе произлезат од Рамковниот договор за заем.

Оттаму, сметаме дека предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа во Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на средства за изградба на фискултурни сали, Собранието на Република Македонија треба да го усвои.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За процедурална интервенција се јави господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Се работи за процедурална интервенција согласно Деловникот, а во врска со законот.

Би го замолил предлагачот, во овој случај Владата на Република Македонија, да даде објаснување на Собранието за следново:

Дали законот кој е предложен е во рамките или кореспондира со законот за јавен долг и со другите закони кои се во сила во Република Македонија, по однос на членот 4 од законот. Дозволете да цитирам:"Каматната стапка ќе се определува за секоја транша на заемот оделно, на денот на повлекување на средствата од заемот, во зависнот на тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија ( фиксна или варијабилна).

Во членот 3 од Рамковниот договор кој Владата кој ќе го потпише после донесувањето на овој закон кој ни е доставен, помеѓу Владата и Банката на Советот на Европа во точката 3.1 пишува "каматната стапка ќе се определува заеднички помеѓу заемопримачот и Банката на Советот на Европа, со факс".

Сакам да прашам дали е законски и уставно Собранието на Република Македонија да донесува закон за задолжување на Република Македонија во кој не е определена каматната стапка по која Република Македонија ќе се задолжи во странство, од страна на Собранието на Република Македонија, туку со членот 4 се вели дека законската надлежност на Собранието да ја одреди каматната стапка. Повторувам, ќе се определува на денот на повлекување на средствата зависно од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија, фиксна или варијабилна, а кај варијабилната и кај фиксната нема никаква алокација на конкретен процент.

Само да потсетам, тоа и вие го кажавте, варијабиланата е определена како еуроибор,

зголемен за варијабилен распон, значи не пишува еуроибор + 0,75 или +1 или +2 варијабилен. Што значи варијабилен, а што е фиксен, бидејќи во договорот не успеав да го најдам. Значи сакам образложение дали овој закон е во рамките на уставните и законски надлежности на Собранието и ако е да ми потврдите од каде ги влечете тие овластувања.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Поповски.

Следен за збор се јави господин Јани Макрадули.

(Од место се јавува Никола Поповски и бара одговор на неговата процедурална интервенција)

Вашиот повик јас го почитувам, има време, можеби треба извесно време. Тој е земен аднотам јавно.

Мислам вашата процедурална интервенција не беше во врска со процедурата која јас ја водам. Тоа си е работа на Министерството и тоа ќе одговори кога ќе одговори.

**Никола Поповски:** Само сакам да потсетам дека согласно Деловникот се должни да соопштат дали овој закон кореспондира со другите надлежности.

**Љубиша Георгиевски:** Да, само не пишува кога.

Можеби треба малку и консултации. Треба да оставиме, додека не ми се пријави мене човек. Јас не можам да го прозивам. Не е коректно, а не е ни Деловнички.

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитувани претставници на Владата.

Овој однос на заменик министерот е најдобар доказ за рашамонијадата во која се наоѓа Владата.

Актуелниот заменик министер за финансии кој приватното друштво го частеше дека ќе биде министер за економија, можеби се трансферирал со своето знаење и капацитет во Министерството за економија и затоа можеби ги нема овие одговори. За жал, уште една потврда за односно на Владата кон ова Собрание, на уставната можност или задача што ја имаме како пратеници да вршиме политичка контрола на одлуките на Владата.

Инаку, оваа одлука за донесување на закон за задолжување на Република Македонија од 12,5 милиони евра, Владата ја донела на 2 јануари. Дали ја донела во еуфоричната новогодишна атмосфера, па не ги гледала бројките дека 12 милиони евра не се така малку пари и се решила граѓаните на Република Македонија да ги задолжи со 12,5 милиони евра и она што е интересно одплатата да отпочне после 5 години. И пред тие 5 години ВМРО нема да биде на власт, некој друг ќе треба да се грижи за обезбедувањето и враќањето на средствата. Ваков неодговорен, она што и господинот Поповски го зборуваше, надвор од законите и уставноста, закон, ќе донесе товар на Република Македонија од 12.5 милиони евра, во услови кога Владата се слика на заеднички пресконференции дека враќа одредени долгови кон одредени меѓународни финансиски институции. Затоа се поставува прашањето која е логиката, која е финансиската оправданост, која е законската регуларност ние да враќаме одредени средства кон меѓународни институции, а се задолжуваме со 12.5 милиони евра, со камата која во овој момент не се знае и која можеби ќе биде многу поголема од оваа, ако не ги вратевме тие пари кон меѓународните финансиски институции, а ги употребевме за, да речеме, овој приоритет на Владата. Од друга страна овој закон е доказ за погрешните приоритети што сметаме како позиција ги има оваа Влада. За нас поприродно беше наместо 12.5 милиони евра, 7 милиони евра колку што се решава проблемот со стечајците, Владата да ги употреби 7,5 милиони евра за решавање на статусот на стечајците, или дас ги даде за инфраструктурни проекти на патниот правец до Штип, потоа Радовиш - Струмица или кон Св.Николе - Кочани. 12,5 милиони евра не се пари за врлање и се сериозен доказ на приоритетите што ги има оваа Влада. Дека лесно се расфрла со пари, знаеме, но тоа е една од тие нови лоши приоритети што ги гледаме тука. Изградбата на салите секако не спаѓа во реформа на образованието. Треба да се вложува многу повеќе во знаењето, во квалитетот, во образовниот процес, секако, покрај обезбедувањето на услови за физичкото воспитување.

Од друга страна изградбата на салите има своја пред историја во Република Македонија. Тој проект е измислен од кога премиер беше Љубчо Георгиевски, а министер за финансии беше Никола Груевски. Се започна во март 2002 година, со 35 сали, што никој не дочека да ја види употребната дозвола или спортувањето во неа. Повеќето од нив се изградени само како карабини, голем дел од нив без струја, со сомнителен под во нив.

Владата во декември 2006 година во Буџетот за 2007 година за Агенцијата за спорт и млади воопшто и немаше ставка за изградба на спортски објекти. Потоа, со ребалансите, со трите ребаланси, со двата ребаланси ги зголемуваше средствата за спортски сали во Агенцијата за спорт и млади, инаку сме кажале при секој буџет или при секој ребаланс Агенцијата за спорт и млади е најголемата пералница на пари на Владата, за да во Буџетот за 2008 година одвојува 180 милиони денари. Останува нејасно од која ставка ќе се покриваат 1,8 милиони евра што треба да ги обезбеди Државата и од која ставка ќе се покрива ДДВ, не само за овие нашите, туку за сите 12,5 милиони евра. Тие ставки дали се во Министерството за образование и наука, или пак се во Буџетот на Агенцијата за спорт и млади. Тие одговори треба да ги добиеме.

Инаку, јас не разбирам зошто Министерството за образование и науки или кој е пазарот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА да влегува во една ваква варијанта. Еве една спортска сала во Македонски Брод.

(Покажува фотографија на пратениците)

Таа спортска сала пишува Агенцијата за спорт и млади, од друга страна Министерството за образование и наука. Тука не е проблем што е жолто црвена, еве како таа сала изгледа од другата страна. Нормално, лавот и звездата вергина. Таа сала не е само таква во Македонски Брод, еве ја таа сала во Демир Хисар. Се разбира истата иконографија, звездата од вергина и лавче. Кој е пазарот што ДПА како Министерство за образование и наука финансира ваков објект, се потпишува со табла. Кој е тој симбол што ќе го добие за возврат и која е таа сатисфакција што ќе ја добие. Седумте факултети на Државниот универзитет во Тетово или факултетот што ќе биде во Западна Македонија ќе има нешто друго, место лавче ќе има друга птица. Тоа е доказот за несериозноста што ВМРО-ДПМНЕ и Владата ја прави кога сака една благородна идеја ја ВМРО-изира. Ние се навикнавме на лошо ВМРО-зации, на добри идеи. Дали сакате за "Компјутер за секое дете", дали сакате за други проекти, типично ВМРО-зација на една благородна идеја.

Кој е тој што во Министерството за образование и наука одлучил да биде ова иконографијата на спортската сала во Македонски Брод и во Демир Хисар. Дали е тоа дел од тендерот.

Ако го прочитате законот, бидејќи заменик министерот сега го читаше образложението, ве уверувам дека прв пат го чита, има одредби каде што овие работи се забранети. Условите што ги нуди банката на Советот на Европа овие работи не ги дозволува. Не дозволува импровизации, не дозволува партизации, не дозволува партиски иконографии на сали кои треба да се наменети за сите. За жал влегуваме во една варијанта каде што ВМРО-ДПМНЕ кога е на власт смета дека спортските сали треба да бидат со звездата од вергина и со лавче. ДПА кога ќе биде мандатар од формален до фактички тој ќе си влезе во своја иконографија. Ќе дојде друга партија ќе влезе со своја иконографија и ќе направиме од Република Македонија каша попара. Тогаш ќе зборуваме за реформи во образованието. Која е оваа реформа во образованието кога ги учиме децата дека во спортските сали што ќе влегуваат треба да биде оваа иконографија. Јас се чудам навистина на коалициониот партнер ДПА, но веројатно тој својата сатисфакција ќе ја добие преку нешто друго. Владата ниту во тендерот, ниту во упатството, ниту во компанијата што го добила тоа рекла дека ова треба да биде иконографијата. Ние мораме, или ние како Влада градиме партиски сали, или градиме спортски сали ама со партиски симболи. После се чудиме зошто работите не ни одат. За која реформа во образованието или во спортот ако сакате ВМРО-ДПМНЕ се обидува на секој спортски сојуз да стане претседател. Па, каде во Атлетската федерација каде што е наш пратеник Гроздaнов, се извинувам ако грешам, туку и во Кинолошкото друштво Панче Дамевски е претседател. Значи, ни Кинолошкото друштво не го оставивме за кучињата, туку мора и тој што ќе ги води да биде од ВМРО-ДПМНЕ. Тоа ли е реформа на образованието. Сериозна е работата, правиме муабет за фрлање на 12,5 милиони евра. Граѓаните ќе ги враќаат овие пари. Нека си земе ВМРО-ДПМНЕ кредит и нека рече дека ќе го враќа кога е на мандат, а не да го враќа после 15 години, да го враќаат граѓаните. Што не побара референдум Груевски за да задолжи 12,5 милиони евра. Што не ги викна коалиционите партнери од власта, или пак од опозицијата на лидерска средба и да рече сакам Македонија, сите граѓани да ги задолжам со 12,5 милиони евра, што мислите вие. Ама, кога ќе дојде топло, кога ќе дојде тесно тогаш се сеќаваме на лидерските средби. Инаку кога треба да ВМРО-зираме, да го ВМРО-зираме спортот нема проблем. Кога треба 12,5 милиони евра да ги задолжиме граѓаните на Република Македонија, сите ние ќе го враќаме ова, тогаш нема проблем, тогаш сами ќе си одлучуваме. И кога ќе одлучуваме? На 2 јануари кога Владата уште славела од новогодишните празници.

Затоа заменик министерот за финансии ако нема одговор да го повикате министерот за финансии, ние ќе инсистираме до крајот на дебатата министерот за финансии да се појави, да образложи она што господинот Поповски го зборуваше и да образложи од кои ставки ќе ги враќа, ќе биде нашиот дел од милион и 800 илјади евра, а кој дел, која ставка ќе биде ДДВ што ќе се исплаќа. Дали тоа ќе биде од Агенцијата за спорт и млади, дали тоа ќе биде од Министерството за образование и наука и на кој начин и со која динамика се планира ова да се заврши.

Во почетокот на 2007 година, Владата почна да гради некои дотогаш изградени сали. Почна да отвора сали што почна да ги гради во март 2002 година, кога брзаше пред избори да добие некој поен, се покажа како апсолутно погрешен, бидејќи граѓаните знаат дали некоја сала е функционална, или не е функционална или дали е направена како алиби, или не.

За жал никако да сватиме дека водењето на една држава е сериозна работа, тука импровизации не се потребни, провокациите не се метод на добро менаџирање со државата и не се коректни на меѓуетничките односи што постојат во Република Македонија.

Дали Владата ќе се реши за 25% да направи во друго обележје, бидејќи Буџетот се собира од сите граѓани, дали ќе има 4% сали со обележје од другите етнички заедници, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи, колку секој по свој процент што има, бидејќи сите го полнат Буџетот, или од албанската етничка заедница околу 25% кои што исто така контрибуираат во Буџетот, дали толкав процент ќе биде распределен со етничките симболи. Тоа ли е она што треба да го градиме во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Молам сите што имаат реплики да се јават за да нотираме.

Прво има збор господинот заменик министер, а процедурално побара збор пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател.

Мојата процедурална забелешка ќе ја концентрирам толку кај луѓето кои се јавени толку за збор. Јас сметам дека за една ваква тема не треба да се јавуваат толку колку што се јавиле претставници на СДСМ за дискутирање, за нешто што ќе се изгради и нешто во што ќе уживаат младите во оваа држава.

Што се однесува на делот каде што живеат повеќе ученици Албанци, јас му гарантирам на господинот Макрадули дека ќе ја ставиме ружата, само нека се изградат салите колку што може побрзо. Тоа го бараат младите, да се изгради салата, нема врска каква иконографија ќе биде. Дали ќе биде ружа или нешто друго.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господин заменик министер, имате збор.

**Предраг Трпески:** Благодарам.

Не мислев да зборувам ама поради инсистирање на пратеникот од СДСМ јас ќе го кажам следното.

Ова е втор пат кога јас сум на собраниска седница и кога имаме закон за задолжување или раздолжување да се обиде да се направи фама дека тоа е незаконски, дека тоа е неуставно или дека има некоја задкулисна игра.

Заради информација да ви кажам дека јас овој проект знам наназад 6 до 7 месеци и точно бев упатен во анализата која ние ја правевме при избор на банка кај која ќе се задолжиме за финансирање на овој проект.

Дали овој закон е во согласност со Законот и во согласност со Уставот, јас мислам дека такво прашање не треба да се постави затоа што овој закон има поминато две комисии. Една владина комисија, Законодавно правната комисијата и Комисијата во Собранието, Законодавно правната комисија каде што повторно е поминат овој закон и повторно нема законска пречка.

Господинот Никола Поповски многу убаво знае што значи варијабилна, а што фиксна каматна стапка. Многу убаво знае дека најчесто фиксната каматна стапка е на повисоко ниво од варијабилната каматна стапка и дека варијабилниот распон не можеме ние да го утврдиме од денес кога варијабилниот распон се формира врз основа на пазарни критериуми. Така да анализите што се направени во Министерство за финансии, во Секторот за јавен долг оставаат простор дека во моментот кога ќе се повлекува траншата онаа каматна стапка што ќе биде поповолна за Република Македонија да биде таа каматна стапка, така да не знам тука зошто се ствара забуна. Точно се знае како се формира варијабилниот распон. Тој се формира врз основа на пазарни критериуми и се додава на ЕУ Либор.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Никола Поповски, повелете вашите три минути господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господин заменик за финансии, вие одговарате на тоа што никој не ве прашува.

Ние ве прашавме дали согласно Законот за јавен долг вие имате право да предложите на Собранието закон во кој Собранието не ја определува каматната стапка по која Република Македонија се задолжува. Вие објаснувате како се формира варијабилната. Тоа е сосема ирелевантно. Дали согласно Законот за јавен долг стапката ја определува Владата, како што сте напишале, на денот на повлекувањето, или ја определува со закон Собранието. Вие на тоа не ни дадовте одговор.

И со оглед дека не сакате да го дадете одговорот, со оглед дека има пријавено 20-тина пратеници, ќе го проучам јас прашањето и одговорот ќе го добиеме брзо, меѓутоа тоа што вие го избегнувате е невидено во Собранието. Овде не сме во ситуација вие да ни поставувате на нас прашања. Прашања поставете и на соработниците во Министерството за финансии, на Владата поставете си прашања, а во Собранието одговарате на прашања од пратениците. Моето прашање беше сосема културно, беше прецизно, не излезе од никакви узанси во Собранието, многу пристојно ве прашав дали е тоа тоа. Вие сега наместо да ни одговарате се впуштате во оцена на мојата стручност. Тоа не ви доликува. Одговорете на тоа што јас ве прашувам. Тоа е согласно Деловникот. Ако сакате да разговарате на тој начин, имам јас право на збор, ќе се јавам и можам 40 минути да зборувам за стручност и дали некој нешто познава или не. Ама тоа нема да биде ни фино, ниту пак вас ќе ви биде драго. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот заменик министер има контра реплика, повелете.

**Предраг Трпески:** Благодарам.

Мојата дискусија не се однесуваше на стручноста. Тоа е докажано, господинот Поповски е стручњак од таа област.

Јас уште еднаш ќе повторам дека овој закон е целосно усогласен со Законот за јавен долг. Каматната стапка се дефинира во овој закон. ЕУ либор плус варијабилен дел. Варијабилниот дел се формира врз пазарни услови, така да каматната стапка е дефинирана во овој закон. Овој закон е целосно усогласен со Законот за јавен долг. Од кај нас произлегува, сигурен сум во тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

А сега одиме со репликите на излагањето на господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Грозданов вашите три минути.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе реплицирам на господинот Макрадули во оние сегменти на неговото излагање каде што

изнесе одредени негови видувања за кои што сметам дека не држат место.

Господине Макрадули финансирањето во инфраструктурата е временско решение или потреба на граѓаните. Точно е дека има потреба од решавање на одредена инфраструктура, но кога ќе дојде државата повторно да оддели средства или заем, или кредит, како сакате наречете го, за подобрување на инфраструктурата и тогаш ќе бидете против.

Јас ќе напомнам дека најголемото известирање на ВМРО-ДПМНЕ и на оваа Влада е точно. Младината, затоа што е и нашата најголема инвестиција иднината на младината. Здравиот начин на живеење.

Проектот на спортските сали господине Макрадули точно е дека отпочна 1998 година со ВМРО-ДПМНЕ. Со вашето доаѓање во 2002 година вие ја напуштивте оваа инвестиција. Оние средства кои што народот ги одвои и со кои што отпочнаа овие проекти, вие ги фрливте во вода затоа што не ги дозавршивте објектите, затоа што не ги ставивте целосно во функција, затоа што ВМРО-ДПМНЕ ги отпочнало не сметајќи дека тоа се пари на граѓаните и дека овие објекти треба да бидат пуштени во употреба и во нив младината да се рекреира.

Она што би сакал да кажам е дека СДСМ воопшто не се однесува социјал демократски, затоа што демократијата и социјалдемократијата не ја гледаат на таков начин како што треба.

Дали она што се случува денеска, набојот на негативна енергија кај младината, немањето можност за рекреирање, немањето можност за спортување, оваа енергија, овој вишок на енергија мора некаде да се исфрли. Дали тоа ќе биде исфрлањето со она што се уличните тепачки, дали ќе биде тоа со она што е појавата и зголемувањето на проституцијата во Битола. Читаме деновиве дека улиците вријат од проституција. Или можеби, ќе се насочат кон она што е најголемото зло на денешницата, употребата на наркотичните средства. Доколку имаме објекти, фискултурни сали младината правилно ќе ја насочи својата енергија и ќе се стекне со еден здрав начин на живеење и здрав начин на делување.

Инаку, да ве потсетам господине Макрадули, иконографијата тие симболи некогаш беа и државни симболи. Атлетската федерација на Република Македонија, точно дека сум претседател, но во 1995 година во вашето време бев исто така и тренер на селекцијата на репрезентацијата на Македонија, а исто така во 1998 година бев, така што мојата политичка припадност не донесе до тоа, туку мојата стручност и активност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Грозданов.

Повелете господине Макрадули со вашата контра реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сите дискусии на СДСМ ќе бидат Социјалдемократски, а тоа дека за 12,5 милиони евра може да се отворат нови работни места, да се зголеми животниот стандард на граѓаните. Можат 7 милиони да се дадат за да се реши статусот на стечајците. Можат да се дадат за отворање на нови работни места и ние ќе зборуваме денес за тоа. 12,5 милиони евра во овој момент на Република Македонија и се попотребни да го решат квалитетот на живеење, да има нови работни места, да се реши проблемот со стечајците, а не во изградба на објекти кои што служат само за маркетинг, како што во 2002 година Никола Груевски и Љубчо Георгиевски ги отвораа салите, ние мислевме дека се отворени, немаше потреба да ги довршуваме. Потоа, се сфати дека внатре нема ни паркет ни струја. Таква беше состојбата со салите, а така ги градите и сега. Само перете пари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ве молам, без дијалози.

Госпоѓа Стефановска, повелете имате три минути за реплика.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе. Почитуван колега Макрадули, јас очекував навистина поконструктивна дискусија од вас и не можам да поверувам со сопствените уши колку неконсруктивна дискусија дадовте, која што беше насочна кон Владата која има за цел да гради фискултурни сали кои што се во интерес на нашата младина, на нашите деца, ученици, студенти и кои што ќе придонесат за здрав и подобар живот на нашата иднина, на иднината на Република Македонија. Од сите аспекти гледано, многу подобро како чекор од страна на Владата на Република Македонија, отколку вие кои што ги рушевте салите кои што се наоѓаа во најруинирана состојба и која што граѓаните доволно можат да ја видат како слика која што се наоѓа сега како руинирани сали во Република Македонија. Мавтањето со вашите слики, меѓу кои и салата во Демир Хисар и на неколку места, зборува дека сами себе се деградирате како пратеник, бидејќи тие слики не се меродавни што ги мавтавте. Точно како што ви рече и господинот Матоши, ако сакате и ружи ќе ставиме, ние ќе ве прашаме вас каков симбол да ставиме, не се секирајте, меѓутоа дозволете да направи Владата нешто добро за граѓаните, а посебно за младината на Република Македонија. Зошто сте против градењето во Република Македонија сакам да се запрашам и зошто не понудивте во вашето време нешто поконструктивно, некое добро решение, туку вие ја уништувавте Република Македонија.

Се чудам со вашата злоба, со вашата ароганција и со вашите тешки зборови што ги искажавте спрема заменикот министер, кон нашите колеги, се чудам со многу ваши однесувања, но јас се јавив да слушне јавноста дека Владата на Република Македонија се грижи и ќе се грижи за младината на Република Македонија и таа ќе ги

изгради салите и покрај тоа што сакате вие да држите политички говори кои што се насочени против Владата на Република Македонија и против сите граѓани на Република Македонија. Вие многу малку добро им мислите на граѓаните на Република Македонија, бидејќи градењето на спортските сали нема да го користи Владата, ќе го користат токму граѓаните на Република Македонија. Сето тоа е многу добро и наместо вие да го поддржите, вие се јавувате да опструирате овде, исто како што побара пауза госпоѓата Роза Топузова Каревска половина час, а седеше во клубот на пратеници и не знам што се спремаше за тој половина час, бидејќи јас ја гледав дека таа седеше и разговараше. Тоа не е добро за граѓаните на Република Македонија. Затоа, ви благодарам и сакам да ви кажам дека треба да бидете поконструктивни и во иднина ако сакате предложете нешто што е добро за граѓаните на Република Македонија, а ние сме тука да го прифатиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓо Стефановска.

Господин Јани Макрадули има контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Очигледно не бил само тој Сашо Мијалков што не следел, туку гледам и Анета Стефановска не прати што правиме и како правиме, не снима, јавува дали одмараме, дали зборуваме, дали разговараме, што е еден виден напредок во нејзината кариера како пратеник, бидејќи во овие 18 месеци остана еден од ретките што многу конструктивно дискутираше до сега. Што да правиме кога секоја критика до Владата ја третирате како неконструктивна. Кога Владата се решава 12,5 милиони евра да ги испере за изградба на карабини, за кои што ќе се слика само пред избори, а нема да ги даде за нови работни места, за справување со ценовниот шок, за подобрување на квалитетот на животот и за задолжување на таа младина за која што вие зборувате, кои што тие ќе треба да го враќаат после 15 години овој кредит што вие го земате, е тогаш ќе можеме да дискутираме, а вие се грижите за младината со тоа што ќе ги задолжувате, а кога ќе најдат работа, ќе го враќаат ова што вие денес го заклучувате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузова, точно е тоа дека вас ве спомнаа во реплика госпоѓа Стефановска, но исто така е точно дека вие немате право на реплика, бидејќи се работеше за реплика.

Да, процедурално да, но гледајте да не звучи како реплика многу.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Прво, сакам да ви обрнам внимание штом ќе побара било кој пратеник процедурално, вие тоа според Деловникот треба да му го дадете. Значи, тука апсолутно нема за што да се дебатира. Исто така, сакам да кажам дека репликите исто се дефинирани. Погледнете го Деловникот, да не губам време да ги читам сите членови во кои што се дефинирани репликите, во реплика упатена на еден пратеник треба да се исправи, дополни или потврди некој наод изречен во говорот на пратеникот. Јас не знам дали мене ме спомна колегата Јани Макрадули, но јас колку што знам не ме спомна, за колешката Анета да ме споменува. Околу тоа што, кој, каде, како нема да се спуштам на нејзино ниво, затоа што навистина не е должност на пратениците да гледаат кој, каде и во кој момент влегол, каде отишол. Веројатно, својствено е на некои од пратениците од ВМРО ДПМНЕ, но јас со тоа не се занимавам. Ако сум ја побарала паузата, ми била потребна и немам потреба да објаснувам за што таа е искористена. Секако, јас сум подготвена за мојата дискусија и кога ќе дојде ред ќе го докажам тоа. Вие бевте должни да ја прекинете колешката, поради тоа што таа не му реплицираше на колегата Јани Макрадули, не исправи некој наод, туку најверојатно имаше желба да покаже колку таа е информирана и дека знае кој пратеник каде се наоѓа. Еве, ја користам приликата да и се заблагодарам за тоа што води грижа за мене и знае каде се наоѓам во одредени моменти, а можеби тоа ќе ми помогне во иднина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Треба да ви обрнам внимание дека јас направив еден коментар и да ве замолам да не земате збор, ве молам, почитувани пратеници, да не земате збор од седиштата, затоа што тоа е сериозно прекршување на Уставот. Значи, ако сакаме да работиме, ве молам, да ве потсетам на Вилтон Парк еден глас, ве молам, инаку сите губиме концентрација и после тоа може да се заврши на разни комични начини. Затоа, ве молам, додека траат сесиите и тие се како што гледате доволно кратки, би рекол телеграфски и би требало еден или еден ипол час да имаме концентрација. Затоа, дозволете да процедираме по некаков ред.

Сега, на ред заз реплика на излагањето на господин Макрадули е господинот Влатко Ѓорчев.

Повелете, вашите три минути.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани колеги,

Мислам дека во дискусијата на колегата Макрадули можеме да ги видиме двата основни концепти или она што ова општество треба да го прави со младите. Навистина имаме два концепти. Едниот концепт кој што оди кон тоа да се помириме со декаденцијата, да ја озакониме, да ја продлабочиме, да ја поддржиме.Другиот концепт каде што се констатираат девијации кај дел од нашата младина и кои што треба да ги пресретнеме со проекти кои што ќе бидат корисни, исправни и долгорочно позитивни. Која е ситуацијата во која што се наоѓаме. Се наоѓаме во ситуација во која што имаме 50% од нашата младина што има деформиран 'рбетен столб,

искривеност, скифози и сл. Имаме ситуација во која што година по година, ден по ден, се зголемува користењето на лесни и тешки дроги во Република Македонија. Имаме ситуација каде што во нашиот главен град, во овој град во Скопје секој викенд имаме околу 2000 потрошени екстази таблети. Пресметајте господине Макрадули колку милијарди и милијарди мозочни клетки се уништени. Секоја недела, секој викенд со тоа што имаме илјадници луѓе во Скопје и во внатрешноста кои што користат такви дроги. Имаме се поголем број на проблеми, семејни и секакви други. Значи, доаѓаме до основото прашање, а тоа е што е тоа што ние како општество, како Влада, како одговорни луѓе можеме да го понудиме на младината. И двата концепти се овие. Значи, концептот на СДСМ е кажан од лидерката Шекеринска и исто така од Јован Манасиевски. Јован Манасиевски и Рдмила Шеќеринска на Комисија директно се залагаат за легализација на дрогата во Република Македонија, за декриминализација. Имавме исто така залагања и за истополови бракови за време на кампањата. Концепт на оттуѓеност и концепт на декаденција, а од друга страна имаме концепт во кој што сакаме да градиме спортски сали 145 за трет час по физичко воспитување, концепт на воведување на веронаука во нашите училишта. И концепт на 100 илјади компјутери во нашето образование. Можеби некаде ќе задоцниме, можеби некаде и ќе направиме некој превид, но концептот е исправен, издржан и соодветствува на предизвиците со кои што се соочува ова општество. Вие имавте шанса од 15 септември кога требаше да вработите по еден во секое семејство до 2006 година, една шајка не забодевте во спортските сали. За разлика од тогаш сега веќе пет се пуштени во употреба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, господине Макрадули со вашата контра реплика од 60 секунди.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас реков, ние ги оставивме салите, бидејќи видовме за предизборната кампања Љубчо Георгиевски и Никола Груевски во 2002 година ги отвораа сите и ние помисливме дека се отворени. После сфативме дека внатре е празно, ни паркет, ни струја, нема. Концептот е тој различен дека 12, 5 милиони евра можеме да ги дадеме за нови работни места, за помалку тензии во семејствата, со што хармонијата во бракот ќе влијае на децата. Второ, да не ги задолжуваме како што вие ги задолжувате младите, бидејќи ова што ги задолжувате 12,5 милиони евра на 15 години ќе ги враќаат сегашните млади по 15 години. И, да не зборуваме за декаденција. Каква порака праќате на младите кога ВМРО ДПМНЕ доаѓа на власт дека избричени глави за 6 месеци купуваат мотори од по 70 илјади евра. Тоа ли е тоа што го правите за младите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред за реплика е господин Александар Николовски, повелете со вашите три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Имаше говорот на колегата два дела, а јас и репликата ќе ја поделам на два дела. Првиот беше околлу економската оправданост и тука навистина можеме да дискутираме и да имаме различни концепти. Вашиот концепт каде опфаќа социјалдемократски дека мислите овие средства треба да се потрошат за отворање на нови работни места итн. Понудивте и проект за најниски плати и тоа е легитимно.

Ние мислиме дека поинаку треба да се води економската политика и тоа го правиме. Прво, ќе ве корегирам, Владата веќе има средства за самовработување кои ги доделува на граѓаните под исклучително поволни услови.

Втората работа е, на пример ние мислиме дека со зголемување на јавната потрошувачка ќе се покренат многу економски двигатели во државата и на тој начин ќе се стимулира економскиот раст. Така што, тука имаме разлики и можеме тие разлики да ги дискутираме овде и исклучително легитимна е дискусијата која што ја имаше колегата. Можеме да се согласиме или не, различни економски школи се, но ќе повторам легитимно е да дискутираме.

Повеќе би сакал да се осврнам на вториот дел кој што беше исклучително неполитички, туку политикански насочен кон работењето на оваа Влада и насочен кон работењето на Агенцијата за малди и спорт, која што на ниеден начин не е поврзано со ова што сега го водиме. Значи, кредитот се зема за Министерството за образование и наука, средствата ќе се трошат преку Министерството за образование итн. Беше оспорен пороектот за 34 спортски сали. Овој проект е еден од најзначајние проекти кои што ги работи оваа Влада, не само заради тоа што треба да се изградат, туку заради тоа што треба да се симбол на концептот кој што го има оваа Влада каде треба да се движи ова општество. За разлика од тоа слушнавме дека 4 години не направивте ништо, бидејќи не стре знаеле дека во Македонија може да се купи паркет. Има м ногу продавници итн. кои што сте можеле да го напрвите тоа.

Понатаму, по однос на она што беше говорено за перална на пари, не можам да се соглсам, заради тоа што не само што не е така, туку има и соодветни институции кои што утврдуваат секоја година далии е така или не е така, ревизорски извештај таков не сме виделе. За разлика од тоа кога вашиот досегашен претседател на Младинската организација беше директор на таа Агенција, имаме значајни ревизорски извештаи за злоупотреба на средства кои што понатаму ќе се процесуираат. На крајот околу симболите, стилизираниот лав кој што го покажавте на сликите на Мирослав Грчев, архитект член на СДСМ, а по однос на сонцето од Кутлеш, а не звездата од Вергина, јас ќе ве прашам од кога

сонцето од Кутлеш стана партиски симбол на ВМРО ДПМНЕ, нели беше знаме на Република Македонија, нели беше симбол на Република Македонија, нели Киро Глигоров и Бранко Црвенковски добиваа избори под тоа знаме или можеби ве гризе совеста што во 1995 година без никакво образложение го сменивте знамето на оваа држава, како што го сменивте и името. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Макрадули, повелете со вашата контра реплика.

Јас затоа зборувам за која е цената што ДПА како Министерство за образование кој е носител на проектот ја става таа иконографија. Лавот и звездата од Вергина. Затоа јас ги прашав ДПА што е тоа што тие ќе го добијат за возврат. Салите не профункционираа, затоа што освен што се сликаше Груевски со Георгиевски, не беше решен концептот на греење. Значи, нема во ниедна сала од та што само се сликавте, решение за греењето и затоа тие сали непрофункционираа. Прашајте во Кале колку кошта салата, греењето за Кале, па ќе ви стане јасен тој концепт зошто пропаѓа кај овие сали. Не ја користете говорницата како судница, си има инстанци што тоа го решаваат. Ревизорските извештаи за вашата Влада ќе ги видиме, баш ме интересира, ги очекувам за 2007 година да се појават овде во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега преминуваме на сите овие што бараат збор.

Прв на ред е господин Сафет Незири, повелете.

Има збор господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Почитувани колеги пратеници, самиот чин на менување на дневниот ред, односно точката 7 да биде приоритетна точка не беше во ред со самиот принцип на работа на Собранието на Република Македонија, оставајќи ги во втора, или трета категорија сите закони кои се во врска со предзнакот на Европската унија, односно со легислативата на Европската унија. Иако, оваа политика на парламентарното мнозинство и актуелната Влада е на кратки политички патеки, иако овие финансиски средства кои се бараат од Банката за развој од Советот на Европа, јас се сомневам зошто сега се бараат овие средства, знаејќи и промовирајќи политика дека ќе има предвремени избори и ова не доведува до сомнеж дека навистина можеби се говори за да се подготви предизборната кампања.

Јас би му реплицирал на еден начин, би сакал да им објаснам на моите колеги од ВМРО-ДПМНЕ кои рекоа дека преку спортските сали треба да се спречи процесот на зголемување на лицата кои се зависници од наркотични средства од дроги итн. Некој не треба да мисли дека преку фискултурни сали ќе се попречи процесот на една негативна појава како што е дрогата и наркоманијата во Република Македонија. Се додека не превземе мерки Владата во редуцирање на институциите и младината во Република Македонија, оваа негативна појава нема да има позитивни насоки како што ние посакуваме. Како негативна појава се јавува дека на наркоманијата, почитувани колеги од ова мнозинство, е и тешката економска состојба и социјална во Република Македонија. Невработеноста го прави своето, а не преку градењето на сали што некој мисли да се надмине оваа негативна појава.

Го поставувам прашањето, зошто досега Владата на Република Македонија го лажеше населението, го лажеше и манипулираше гласачкото тело дека ќе гради спортски сали во Република Македонија. Зошто не и кажа на пошироката јавност дека овие спортски сали кои ќе се градат во Македонија, ќе се градат со задолжување на Република Македонија. Ги излажа и рече дека со буџетски сресва ќе се постигне, со средства од Буџетот на Република Македонија да се изградат овие фискултурни сали. Сите овие работи и со измами гласачкото тело мислам дека ќе ја разбере оваа тенденција на парламентарното мнозинство и Владата. Како мисли 12,5 милиони евра поколенијата по нас да ги платат овие долгови за да добие политички рејтинг, за да го издигне партискиот и личниот рејтинг на Никола Груевски. Зошто се оди на оваа варијанта, моето дете и генерациите по нас да ги намируваат долговите, а Никола Груевски за да го зголеми својот политички рејтинг, партиски и личен рејтинг. Дали знае мнозинството каква е состојбата, моменталната состојба во основните и средни училишта во Република Македонија? Дали знаете во какви услови и околности учат нашите ученици? Да не одиме понатаму, но основните училишта во Чаир, во какви услови учат учениците? Зошто не се земаат задолжувања и долгови за да се интервенира во насока на подобрување на минималните услови за да имаме воспитно едукативен процес. Имаме училници во кои нема прозори, има училници во кои се гледа дека има дупки во ѕидовите, нема клупи, столчиња за учениците, нема помошни средства за наставникот да го одвива воспитно образовниот процес. Не сум против спортски сали. Но, имаме сосема други приоритети. Клучните приоритети се најнапред ученикот да има место каде да седне, каде да го одвива воспитно образовниот процес. Кога ќе се создадат овие предуслови и услови, тогаш зошто да не градиме и спортски сали како помошен дел на нашите средни и основни училишта. Каде е политиката на Владата досега, за секој ученик по еден компјутер? Дали има пари Владата за да ја спроведе таа политика? Како се мисли на пример да го изигра населението и да каже, треба да добиеме друг долг, финансиски средства за да купиме нови компјутери. По се изгледа нема доволно финансиски средства учениците да се снабдат со компјутери. А, за некој е нешто несфатливо, би рекол нешто нелогично и се оди во оваа варијанта. Се уште не е завршена децентрализацијата во делот на средното и основното образование. Сеуште се меша Министерството за образование и наука во надлежностите на основите и средни училишта.

Каде е силата и енергијата на Владата во оваа насока, за да се надминат овие потешкотии кои се случуваат во образовниот систем во Република Македонија и се занимава со прашања кои воопшто немаат логика. Зошто ни треба спортска сала кога ученикот или моето дете нема каде да учи? Во основното училиште 25 Мај во населбата Ченто основното училиште во едно одделение учат 38 до 39 ученици. Зошто да не се зголеми бројот на паралелките и зошто да не се изгради ново училиште? Средното училиште во Кичево "Мирко Милевски" со 2.800 ученици во тоа училиште не случајно имаме и тепачки и зошто во разни кругови даваат меѓунационални насоки. Зошто Владата не оди во насока на пример, да се надминат овие негативни појави кои се случуваат во нашите средини, без оглед на нивната етничка припадност. Значи, се градат спортски сали, а учениците немаат каде да учат. Со 2.800 ученици, некој има изградено фабрика, како да е тоа фабрика, а не училиште. Оптимални услови се во едно одделение да има до 25 ученици, а не 40 ученици во едно одделение. Ако има некој аргументи и против аргументи, нека повели, нека ми реплицира и да дебатираме со факти и аргументи. Ви кажувам со бројки и училишта. И во основното училиште 25 Мај има 1.800 ученици во населбата Ченто, околу 2000 ученици има во Арачиново. Нема објекти, нема место, а Владата не се интересира за ова прашање. Жалам за источниот и другиот дел каква е состојбата во тој дел, не знам. Говорам за делот каде што јас гравитирам и гледам каква е состојбата. Никој нормален не е против изградбата на спортски сали, туку треба да се оди постепено. 12,5 милиони евра не се малку средства за граѓаните на Република Македонија да се задолжат. Зошто Владата на Република Македонија не презема мерки на пример, во насока на спречување на младината во неколку средини кои се уште не завршуваат ниту основно образование, зошто не се интервенира со финансиски средства за реедукација, едукација на родителите на тие деца, на семејствата на тие деца чиј број е од 8 до 10% кои немаат ниту основно образование. Вие добро знаете сега дека со новиот закон средното образование е задолжително. Според некои идеи на некој министер за образование и Владата во целост треба да се прилагодат воените касарни. Средно училиште ќе се гради во Битола, а исто така треба да се изгради и во Прилеп. Тие ученици не можат да патуваат од Битола во Струга или да патуваат во Кичево, или во Гостивар и Тетово за да се образуваат. Или на пример да се гради друго училиште во Радовиш каде имаме етничка турска заедница кои имаат проблеми со своето образование. Треба да се гради средно училиште во Шуто Оризари каде имаме етничка ромска заедница која живее во Шуто Оризари. Зошто ни требаат сали кога немаме училишта? И во таа насока треба да се размислува, во Теарце, во Желино и во други места. Добро е Владата да не игра со социјалната и економската состојба на граѓаните на Република Македонија, бидејќи 20 години не е мал период да се врати овој долг. Секој треба да има политичка одговорност за презентирање на интересите на народот во овој Парламент и во Владата треба да има визија, а не визијата да биде долга колку што му е носот долг. Каква е состојбата на стечајните работници? Каде ни се капиталните инвестиции во инфраструктурата. Во инфраструктурата имаме патни правци каде не се знае дали е село, или во кој век живеат, во 17, или 18 век? Каква е состојбата со водата за пиење. Има места каде што немаат вода за пиење. И после можеби некој ќе ми реплицира дека нема партиски елементи сето ова. Но, јас се чудам, како смее тоа што го кажа колегата од позицијата да биде симбол на ВМРО, или симбол на Вергина. Немам ништо против симболите. Но, треба да се знае дека симболот во училиштата и во спортските сали какви симболи треба да воспоставиме. Не се ставаат политички и партиски симболи. Сега ќе дојде некоја друга Влада ќе го отстрани тој симбол и ќе стави свои симболи во тие спортски сали. Ние не можеме да ги присвоиме објектите од јавен интерес да ги претвориме во партиски објекти. И овие нешта мислам дека се гледа каде е целта и настојувањето на оваа актуелна Влада, да се оди во деградирање на тоа што е заеднички општествен систем и заеднички интерес во Република Македонија, без оглед на етничката припадност, религиската и друго. Но, имаме други приоритети, а што е уште полошо, требаше да се каже на населението пред изборите дека ќе градиме спортски сали, но ќе се задолжиме и после ќе видевме дали населението ќе го дадеше гласот, или не, за тој проект, а не да се лаже сега на овој начин, сега ќе градиме со средства од Буџетот, нема да се задолжиме. А сега се задолжуваме со 12,5 милиони евра. Ова не е така мал износ, тој износ ќе ги засегне разните социјални категории во Република Македонија. На пример, зошто Владата не интервенира за тешката економска и социјална состојба на граѓаните. Зејтинот е над 100 денари, а Владата рече дека нема да се зголеми цената на зејтинот и другите прехранбени артикли. Кошничката на еден граѓанин е симболична. Сакам да се надоврзам, ако имате трпение, каде одат овие средства? Сакам да кажам дека имаме други приоритети и тие приоритети треба да ги имаме предвид. Спортските сали не ни даваат да јадеме. Му дава на Агим Рамадани, бидејќи толку тој сфаќа, а на некој друг не му дава, а на Агим Рамадани можеби му даваат да јаде. Нека оди Агим Рамадани и нека јаде сали.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика има господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Господине Незири, дали знаете колку сали во Македонија исполнуваат услови за одржување на европски и светски првенства, колку атлетски патеки има во Република Македонија, колку стадиони исполнуваат услови за одржување на натпревари на репрезентацијата на Република Македонија? Ќе ви напомнам дека такво нешто нема, дека сега се гради салата која што треба да

исполнува услови за натпревари меѓународни, европски и светски првенства. Дека сега градскиот стадион во Скопје се реновира за да ги исполнува сите критериуми, дека салата во Охрид моментално беше доведено во прашање изведувањето на младинското европско првенство во ракомет поради несоодветност и неадекватност. Ако спортот е најголемиот амбасадор на Република Македонија, зошто да не инвестираме во него? Дали знаете колку училишни сали, поточно колку училишта немаат сали, колку часовите по физичко и здравствено воспитување ги заменувате со вашите часови по историја. Дали знаете кој е степенот на деформациите кои што се предизвикани од неправилното седење во училиштата поради немање соодветни часови по физичко и здравствено воспитување. Господине Сафет Незири, ќе ви кажам, Република Македонија кога ќе дојде до оперативни зафати или до она што се нарекува лекување, ќе ја чини многу повеќе отколку овие фискултурни сали. Ќе ви напомнам дека училиштето 25 Мај кое што вие го кажавте не е изградено господине Незири во периодот на овие две години, или во претходниот период кога ВМРО-ДПМНЕ беше. Бевте на власт и вие. Зошто не презедовте мерки да се изгради во тоа училиште сала? Јас тогаш ќе бев со вас задоволен, дека вие сте ја изградиле и дека сте работеле на тој потег. Друго, зошто викате вашето дете да ги исплаќа овие средства? Господине Незири, ве убедувам дека подобро моето дете и вашето дете да ги исплаќа овие средства отколку јас и вие да плаќаме за метадонска терапија која што многу повеќе ќе не чини и нас, а ќе ја чини и државата, затоа што од тие млади деца ќе направиме физичко психички нестабилни личности и ќе направиме работно неспособни личности кои што државата не ќе може никогаш да ги искористи нивните интелектуални капацитети и физичките капацитети.

**Љубиша Георгиевски:** 60 секунди контра реплика има господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Само да му кажам на мојот колега дека не сме против изградба на сали. Но, таа милијарда која заедно со Васил Тупурковски и вашата гарнитура ја украдовте, мислам дека тие сали ќе беа завршени одамна, како прво. Како второ, не треба да се гледа степенот на салите колку ги има во Македонија, треба да се гледа степенот на гладни во Македонија кои што гладуваат ден денеска, безработица, гладни и сиромаштија и високи цени итн. И уште една напомена дека во училиштето 25 Мај има сала за физичко воспитување. Добро би било вие како пратеник да дојдете и да видите. Јас ви кажувам дека нема услови за учење, бидејќи во едно одделение има 35 до 37 ученици. Затоа укажувам дека треба некои работи да ги имаме ние во предимство, не само да градиме сала, а на друга страна се ни е бош.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути контра реплика има господиниот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

Јас внимателно го слушав Сафет Незири, меѓутоа сепак сакам да му кажам колку е неаргументиран во неговиот говор. Во текот на твојата дискусија ти си против тоа во училиштето “Дрита” во Рашче да се изгради спортска сала, ти си против тоа во Борис Кидрич во Крушопек, Сарај, да се изгради спортска сала. Ти господине си против тоа во Емин Дураку во Сарај да се изгради спортска сала, ти си против во Наим Фрашери, во Студеничани да се изгради спортска сала и ти си против тоа во Лиман Каба, во Љуботен да се изгради спортска сала од 650 метри квадратни. Господине, со вашата дискусија вие сте сеуште против тоа во училиштето во Глумово да се изгради спортска сала. Вие сте исто така против тоа во училиштето 7 Март во Чаир да се изгради спортска сала од 1.300 метри квадратни. Значи, вашата дискусија е против овие училишта да имаат спортска сала. Мислам дека подобро ќе биде да разговараш со твоите колеги кои што беа 4 години на власт и не замениле ни две керамиди на крововите на училиштата, не е подобрена ниту една состојба кај албанските училишта, отколку да излезеш тука да говориш за маслото, или за амблемите на училиштата, или пак да искажуваш погрешна фалсификувана реторика тука, или погрешна слика. Добро е да говориш со аргументи, со факти, затоа што ако си пратеник на Скопје, јас ти кажав колку сали ќе се изградат во Скопје. И би било добро да бидеш проактивен за овие сали, а не против нивната изградба од причина што граѓаните, нашата младина имаат потреба да се занимаваат со спортски активности, а не со девијантни елементи во општеството. Затоа треба да имаш повеќе аргументи и да излезеш на прав пат.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има гопсподинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Колега Матоши, ти мене не ме разбираш. Жалам, но немам што да правам. Толку ти дал господ. Јас не реков дека сум против спортски сали. Господине Матоши, ако има можност, ве молам, што ви требаат вас спортски сали кога немаш училници за да го одвиваш воспитно образовниот процес. Ти немаш услови, немаш училница за да учат учениците. Вие правите перење пари, а немате услови за настава. Учат 40 ученици во една училница. Цел ден ќе ги држите во спортските сали, без да учат во училници? Не. Создадете услови да имаат училници, а потоа и спортски сали. Немам ништо против тоа. Каде ви се компјутерите што ги ветивте? Каде ви се парите за компјутерите, секој ученик по еден компјутер. Не сте во состјба да направите ништо. Жалам, Ружди Матоши, но ангажирајте се малку повеќе да ги обезбдите компјутерите, создадете услови за училниците, а потоа и за спортски сали. Јас не сум против спортски сали. Но, ништо не се прави од опашката, туку од главата, како во форма на пирамида.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господин Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина е интересно да го гледаш Сафет во оваа состојба во која што расправа и дебатира денес и е склон денес да навредува. Но, јас нема да се спуштам на нивото на Сафет. Излегов да кажам дека колку јас мислам кога во неговата партија, не оваа во ДУИ, туку во ПДП уште од 1992 година наваму по демократијата Абдурахман Алити, поранешен претседател на ПДП, ти си бил заедно со него во Желино, ќе ти кажам дека во таа општина се градат 3 спортски сали во основните училишта кои имаат над 600 ученици. Ова е критериум на Министерството.

Второ, тоа што го кажавте треба да има претходни услови. Ние формираме претходни услови. Оваа година во тој регион, во тоа подрачје ќе ви дадам еден пример, таму каде што јас гравитирам како жител на таа општина, да ви кажам дека, додека твојот претседател Абдурахман Алити јадеше јагниња во Мерово. Ние не одиме таму да јадеме јагниња, туку да градиме училишта. Во Мерово ќе градиме училиште, ќе градиме училиште во Ново Село и ќе градиме училиште во Копачин Дол. Во Групчин ќе се гради спортска сала, во селото Желино ќе се гради спортска сала и во селото Стриница, бидејќи таму има над 600 ученици. Вие не знаете како наставник, жалам дека сте ја изгубиле клучната идеа која што вели: “во здраво тело, здрав дух”. Знач и, спортот е над се, господине Сафет. На Запад се дава голема предност на спортот, на пример, Бразил е единствена држава која повеќе од сите придобива од спортот, затоа што имајќи спортски сали се откриваат нови таленти и приходите во таа држава се поголеми од спортот и од талентите кои излегуваат во спортскиот светски пазар. Господине Сафет вие сте наставник по историја, работете како што треба, но, немојте да зборувате за сликата на пророкот Азрети Пејгамбер. Вие го правите тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Незири, вашите 60 секунди.

**Сафет Незири:** Грешите господине Рамадани. Сликата на пророкот не ја изнесов јас, туку вие се борите и со пророкот во Чаир заедно со вашите приврзаници. Излеговте и ја злоупотребивте сликата на пророкот. Со вашата партија излеговте и се боревте против пророкот, како прво. Како второ, јас не сум против изградба на спортски сали. Но, вие не ме разбирате. Бидејќи не ме разбирате, немам што да ви правам. Јас реков, треба да се гради средно училиште во Желино. Можеби нашиот претседател јадеше јагниња, а вие јадевте телиња, што е уште полошо. А другата работа што е уште потешка, јас сум против перењето пари кое го правите вие. Нема ништо лошо од оваа работа. Создадете услови учениците да учат во нормални услови. Не сум против училиштата да имаат спортски сали. Нека имаат училници, а после постепено и спортски сали. Немам ништо против спортски сали господине Рамадани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза за ручек.

Ќе продолжиме со работа во 15,05 часот.

(Пауза од 14,05 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

**Благој Зашов:** Господа пратеници, продолжуваме со работа.

За збор се јави господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, вие барем кои сте тука, почитуван претставник на Владата, дозволете ми да го искажам своето мислење во однос на предложениот закон за задолжување на Република Македонија. Моето парламентарно искуство ми дава за право да заклучам, барем онолку колку што проанализам во досегашнава 17-18 годишна парламентарна пракса во Република Македонија, вака неподготвен и неаргументиран закон за задолжување на Република Македонија до сега во овој Парламент не влегол. Сметам дека исто така е еден од законите за задолжување на Република Македонија во досегашнава пракса кој е крајно ненаменски и неспоредлив со било кој закон, без разлика од која влада досега доаѓал.

Она што ме загрижува е фактот дека ние пратениците овде доста лагодно се однесуваме кон овој закон и едноставно пратениците од парламентарното мнозинство, пред се пратениците од ВМРО-ДПМНЕ се одлучиле да кренат рака да ја задолжат Република Македонија за 12,5 милиони евра, а притоа воопшто да не се дискутира за самиот закон, за самиот проект и за самата суштина на законот.

Почитувани колеги пратеници, да го сведам поразбирливо нашето одлучување како пратеници, би направил можеби некоја неадекватна споредба, но сепак сметам дека заслужува внимание. Ако Владата на Република Македонија ја гледаме како еден борд на директори што нам ни предложил сега да донесеме одлука, односно закон за задолжување на Република Македонија, тогаш ние како еден вид управен одбор на тој борд на директори треба да кажеме дали исправно размислувале, донеле исправна одлука и како ќе располагаат со парите на Република Македонија односно со парите на граѓаните на Република Македонија. Верувајте ми, жал ми е што на овој закон не поднесов две илјади амандмани. Овој закон и вакви закони за задолжувања кои немаат никаква цел заслужуваат да имаат 2000-3000 амандмани и никогаш да не се донесат во ова Собрание, а не закони кои предизвикуваат политичка расправа.

Дозволете ми на почетокот да се осврнам на аргументите изнесени од претставникот на Владата и одделни колеги пратеници на парламентарното мнозинство кои низ реплики го

искажаа своето мислење и суштината зошто го изгласуваат овој закон. Првото е дека тоа било во согласност со концепцијата на ВМРО-ДПМНЕ за зголемување на јавната потрошувачка во Република Македонија и од тоа очекуваат адекватен економски напредок во Република Македонија. Сакам да им кажам дека всушност таквата концепција за неполна година е поразена со катастрофалните резултати кои што се постигнати токму на макроекономски план. Македонија имаше постабилна макроекономска состојба и во 2001 година од немилите настани кога беа отколку што е денес. И денес, не само пратениците од опозицијата, туку и голем број професори, економски аналитичари и укажуваат на Владата дека ако продолжи ваквото темпо на раст на јавната потрошуважка, која не се заснова адекватно јас ќе се обидам - барем еднаш кога ќе зборувам госпоѓа Дулиќ да не коментира што јас зборувам. Го зборувам она што го зборуваа вашите колеги пратеници во претпладневната расправа околу концепцијата за јавната потрошувачка, а јавна потрошувачка е токму овој закон госпоѓо Дулиќ, ако не ви е јасно. Да повторам, и економските аналитичари и професорите и сите експерти укажуваа дека ако се продолжи со ваквото темпо во порастот на јавната потрошувачка во Република Македонија над нивото на економскиот раст во Република Македонија, ќе дојде до нарушување на макроекономската стабилност. И немојте да се чудите зошто во јануари месец Република Македонија после 15 години има 8,7% проценти инфлација, и немојте да се чудите зошто имаме намалување на животниот стандард. Токму заради донесување на вакви закони за задолжувања кои ќе имаат за цел поттикнување на јавната потрошувачка над економскиот раст во Република Македонија. Тоа е првото прашање на кое сакам да спротивставам аргументи зошто овој закон не треба да се донесе.

Второ, оние колеги кои сакаат да го поткрепат донесувањето на ваквиот закон со тоа дека ќе се намали, ајде да неречам употребата, но нивото на зависност од опојните дроги кај младата генерација, тоа го зборуваат така исфрлено од ракав. Јас би се согласил со тој аргумент ако денес имате анализа и покажеме дека во училиштата каде што има изградено спортски сали степенот на присутност на опојни дроги и степенот на деформитети кај децата е помал во однос на училиштата каде што нема фискултурни сали. Јас ќе ви кажам еден пример. Јас сум завршил основно училиште на село каде што немаше спортска сала, па од тие мои генерации излегле мажи арслани над сто кила, па ниеден нема деформитети. Тоа не ни беше проблем. Исто така ќе ви кажам, немаше спортски сали па од тие мои генерации и од многу генерации после мене во тие училишта, фала му на Господа, нема ниеден зависник од дрога. Значи причината е многу подлабока и немојте тоа да го поткрепуваме и да се залажуваме за ваквото задолжување на Република Македонија дека тоа се аргументите. Проблемот со опојните дроги е многу подлабок, да не речам и социјален и психолошки, како сакате речете, со други мерки кои треба да ги преземе државата.

Трета работа: не сакам и воопшто нема да дискутирам и да прифатиме расправа за или против спортски сали. Напротив, треба да отвориме расправа во Парламентот дали да градиме сали во Република Македонија со задолжување од 12,5 милиони евра и како тоа ќе се одрази на Република Македонија. Мојот став е да, да градиме спортски сали во училиштата, но не со задолжување на Република Македонија, туку од Буџетот на Република Македонија и онолку колку што имаме расположливи средства во Буџетот и во овој период да изградиме толку сали. Тоа е одговорна и домаќинска политика. Оние повозрасни овде и од мене се сеќаваат, во социјализмот ваквите инвестиции ги нарекуваа нестопански инвестиции и од голем број такви нестопански инвестиции наредните генерации плаќаа и враќаа стари долгови кои беа нефункционално искористени.

Затоа сметам дека во ваква економска состојба во Република Македонија, да не употребам потежок збор, ирационално е да ја задолжиме Република Македонија за задоволување на некои ветувања од изборот, затоа што ние можеме да изградиме сали, но прво треба детето да биде подготвено за да влезе во тие сали, детето без патики и без маица не може да влезе во тие спортски сали, гладно дете не може да трча во тие спортски сали. За што ќе ги градиме?!

Само сакам да ве потсетам во оваа прилика, мојот колега Макрадули кажа уште на почетокот, на почетокот на минатата година имаше неколку прес конференции од Владата на Република Македонија во однос на задолжувањето на Република Македонија и гордо наредени сите министри кажуваа како ги враќаа кредитите од некои меѓународни финансиски институции, но тогаш не кажавте дека тоа се парите од продажбата на ЕСМ. Во ред, ајде и тоа да го кажеме, но она што сега треба да го направи Владата, со секој нов закон за задолжување на Република Македонија мора да има една анализа. Таа анализа треба да го содржи следново: дека Владата во 2006 година врати некои кредити од порано кај меѓународни институции и беа под тие и тие услови со тие и тие периоди на враќање, со тие и тие камати. Сега Владата предлага ново задолжување со тие и тие услови, со тие и тие камати. Новите задолжувања, треба да каже, дека се со многу поповолни услови од тие што ги врати. Во овој случај по мое мислење, иако не може до крај да се види, имаме задолжување под многу полоши услови од оние што ги вративте. Каков е тогаш ефектот од задолжувањето во Република Македонија!

Ние како пратеници не смееме да се однесуваме ноншалантно кон било кој закон за задолжување на Република Македонија. Сакам да напоменам дека од оваа говорница јавно ги поддржав законите за задолжување на Република Македонија предложени од оваа Влада за

инвестирање во железничката инфраструктура и понатаму ќе поддржувам закони за задолжување на Република Македонија кои ќе имаат за цел зголемување на економскиот раст во Република Македонија, вложувања кои ќе имаат економска оправданост. Но енергично ќе бидам против вакви задолжувања кои ќе служат само за задоволување на некои лични желби. Бидејќи задолжувањето кое ние треба да го донесеме со закон, задолжувањето на државата од одредена политичка гарнитура во одреден период е префрлена одговорност на идните генерации. И ако одредена политичка гарнитура во одреден период се однесува одговорно, ќе внимава колку ги задолжува идните генерации, уште повеќе ќе внимава кој е ефектот што ќе го постигне со задолжувањето на државата во овој Парламент. Не може да гласаме за задолжување од типот на спортски сали, од типот на локални патишта, а притоа да немаме задолжување и визија за изградба на магистрални патишта, за изградба на важни инфраструктурни објекти во Република Македонија кои ќе придонесат за економскиот развој на Република Македонија. Од вакво задолжување нема потреба, со вакво задолжување не треба да ги оптовариме идните генерации на Република Македонија.

Сето ова што го зборувам ќе го поткрепам со следново: анализирајќи го законот кој што ни е предложен ќе го видиме следново. Прво, не одговара воопшто она што е суштина на законот со образложението на законот. Накратко да кажеме дека со овој закон Република Македонија ќе се задолжи 12,5 милиони евра за изградба на спортски сали во средните училишта кај Банката за развој при Советот на Европа за следниот период. Вели дека тоа е делумно финансирање на проектот за спортските сали во средните училишта.

Почитувани дами и господа, задолжување и изградба на сали каде 87% проценти од средствата ќе бидат врз основа на овој закон од задолжување, а само 13% се предвидува да бидат од Буџетот, тоа не е делумно финансирање, задолжување за делумно финансирање, тоа е задолжување за целосно финансирање на еден проект кој ќе нема оправдување од економски аспект. Роков на враќање ќе биде 20 години, односно 15 години со пет години грејс период. Тоа значи оваа Влада ќе ја задолжи Република Македонија, ќе почне да гради спортски сали и во периодот на нејзиното владеење нема да го враќа тој долг. Во најмала рака, тоа е неодговорно однесување.

Следното прашање е дека во првиот период, првата рата ќе виде во рок од 12 месеци, но не повеќе од 50%. Сметам дека овој закон требаше да го следи уште една анализа што ќе се финансира со тие 50%, ќе се започнат ли сите 30 спортски сали па ќе се финансира само 50% или ќе се започнат 15 сали и 50% ќе се завршат. Тоа не го слушнавме во досегашното образложение.

Следното прашање е прашањето на каматите. Прв пат во Собранието на Република Македонија се случува Собранието, пратениците да треба да донесат закон во кој нема да биде утврдена каматната стапка на заемот со кој се задолжува Република Македонија. Таа дилема ја отвори и господинот Никола Поповски и имаше реплики, но јас сметам дека е недопуштено ние како пратеници да донесеме закон во кој нема да ја утврдиме каматната стапка. Недопуштено е, не може да се види од законот, дали и колку ќе се плаќа провизија на повлечените средства. Тоа исто така го нема во законот.

Следното прашање кое исто така е крајно дискутабилно, ако образованието, основното и средното образование е во надлежност на локалната самоуправа, се поставува основното прашање: овие сали ќе ги гради државата Република Македонија, салите мора да бидат согласно законите во Република Македонија во надлежност на локалната самоуправа и овој закон и ова задолжување, ако веќе го правите иако е крајно нерационално, мора да се направи заедно со општините. Мора да се одговори на прашањето кои сали Владата планира прво да започне да ги гради, дали салите кои треба да ги финансира од Буџетот, или ќе сее магла и ќе прави реклама со салите од ирационалното задолжување на Република Македонија. Ние не можеме да видиме од овој закон воопшто каде ќе се градат ови сали за кои ќе ја задолжиме Република Македонија. Јас сакам подеднакво да се распоредени на територијата на Република Македонија, но немаме н иеден показател, прво, дали во единиците на локалната самоуправа односно во општините постојат урбанистички решенија за изградба на училишни сали. Јас можам да ви кажам дека во Битола има барем две до три училишта во кои и да сакаме не можеме да изградиме сали заради тоа што нема простор и овој закон мора да ја следи и таа анализа, да видиме каде ќе се градат, има ли урбанистички решенија и во кој период ќе почнете да ги градите.

Зошто ова го зборувам? Ова го зборувам затоа што во договорот кој ќе го потпишете како Влада со Банката за развој при Советот на Европа имате една одредба во која се вели дека како заемопримач се обврзувате, доколку не ги искористите средствата на време, за тие средства да се платат да не речам одредени казни туку одредени трошоци. Ако се наоѓаме во една ситуација каде што ние треба да донесеме закон кој што не е поткрепен со анализа од локалната самоуправа, тогаш се отвора прашањето и сомнежот дека може да се доведе Република Македонија во ситуација да плаќа дополнителни трошоци, ем да не ги искористи средствата ем да плаќа дополнителни трошоци.

Следното прашање. Во одредбите од договорот има изнесено дека заемопримачот е должен да обезбеди на корисниците на проектот да се стави на видно место дека овој проект е кофинансиран од Банката при Советот на Европа. Ве молам, овој проект не е кофинансиран од Банката за развој при Советот на Европа. Овој проект е исклучиво финансиран од граѓаните на Република

Македонија, затоа што парите кои што ќе се земат од Банката за развој при Советот на Европа, тие не ви даваат донација, па ќе кажете дека ви дадоа пари. Напротив, вие и ние сите треба да ги вратиме тие пари. Тоа е кредит. Зошто тоа е потребно да стои во овој договор.

Понатаму воопштонема дефинираност дали ќе се градат. Ќе правите ли унифицирани еден вид на сали, различни сали, од едноставна причина, заради тоа што секој објект е различен и ќе има своја вредност различна, отколку ако се унифицирани.

Мојата наједноставна пресметка покажува дека 413 илјади евра ќе чини една сала од овие, согласно како што имате наведено дека за 12,5 милијони евра и плус додатокот од Владата, ќе ги изградите тие 30 спортски сали.

Јас морам да ви кажам дека се сомневам дека со 413 илјади евра ќе може да се направи училишна сала, која што ќе одговара на одредени стандарди. Затоа, подобро е можеби да се направат од Буџетот, повторувам, без задолжување, оноклу спортски сали, колку што има пари, ама да вредат тие сппортски сали, а не заради задоволување на нечии желби и заради политичка, мислам отпочнување на сали во политичка функција, да одиме во една неизвесност.

Би завршил со тоа дека јас знам дека колегите од парламентарното мнозинство ќе го изгласаат овој закон, но жалам, што повторно се даде приоритет денес наместо на законите кои што беа по редослед означени како закони за исполнување на критериумите за Европската унија и убеден сум дека за овој закон ќе дискутираме едно 10-15 дена, но сакам да го искажам своето мислење дека ваков закон за задолжување, за вакво задолжување на Република Македонија не им треба. Напротив, на Република Македонија и треба задолжување, кое што ќе биде во функција на стопанскиот развој на Република Македонија. Само ако градиме спортски сали со онолку средства, со колку што имаме во Буџетот на Република Македонија, тогаш Владата ќе покаже дека е одговорна и отчетна Влада. На ваков начин, Владата и понатаму покажува дека е крајно неодговорна кон трошењето на парите на граѓаните на Република Македонија. За жал, некои идни генерации тоа ќе го плаќаар, но тоа скапо ќе не чини. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Најдовски.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете да започнам со мојата дебата, околку предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија околу финансирањето на проектот за изградба на фисклутурни сали. Една мала дигресија. По завршувањето на претпладневната сесија од оваа седница, колегата Ѓорчев ги блефираше на кратко новинарите во Собранието на Република Македонија и дозволете да парафразирам. Според него, нема проблем ниту во знамето на вергина, ниту во лавовите кои се насликани а едната од страните на фускултурните сали, што во овој момент во владение ги пушта Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Жал ми е што не е тука господинот Ѓорчев за да подебатираме дека и тоа како има проблем, почитувани колеги. Има голем проблем, има сериозно голем проблем околу обидот политиката да се имплементира и онаму каде што не смее, и онаму каде што Уставот не дозволува, а тоа е образованието.

Ќе започнам, од каде доаѓаат нашите дилеми. Жалам што во овој момент меѓу нас не е присутен минситерот за фианнсии, господинот Славески. Не сметам дека во овој момент нешто е смешно господине заменик министер за финансии.

Ќе ви поставам конкретни прашања и не очекувам да добијам релевантен одговор од вас, но нема да се откажам од дебата.

Проблемот е многу голем. По втор пат на власт е коалицијата од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и по втор пат дебатираме за еден сериозен скандалозен проект. Имаше проект од 35 спортски сали кои беа започнати во времето на Владата на Љубчо Георгиевски, во времето кога министер за финансии беше токму Никола Груевски.

Ќе ми дозволите краток историјат во интерес на тоа, јавноста да ја потсетам што тогаш се случуваше и за какви финансиски средства станува збор.

Значи на почетокот на март 2002 година беше обеладенето од страна на тогашната Влада изградба на 35 типски сали за потребите на спортот во средношколските училишни центри и се разбира, во духот и манирот, веднаш ударнички, но до душа, не со таков медиумски одјек, започна изградба на овој проект.

Епилогот е страшен и скандалозен. Беа потрошени 388 милиони денари буџетски средства од Република Македонија. Над 6,4 милиони евра.

Со смена на Владата, во второто тромесечје во 2003 година беше ангажирана Агенцијата, Друштвото за ревизорски и сметковотсветн фианнсисnски консалтинг услуги, Македонски ревизорски центар Д.О.О. Скопје да изврши ревизија околу проектот 35 средношколски сали. За да може да информира што нашла во тој проект ревизорската куќа, го доставила следниот извештај, за да може полесно да се дадатира 35-те објекти ги поделила во 4 групи.

Прва категорија започнати објекти 21 на број, Битола, Македонски Брод, Демир Хисар, Пехчево, Валандово, Облешево и т.н., биле потрошени над 3 милиони евра. Првата категорија означува само сали почнати недовршени, ниту со статус на карабина, непокриени, 3 милиони денари. Заклучила дека до колку се направи обид да се довршат ќе бидат потребни 3,4 дополнителни милијони евра. Говорам само за првата категорија за 21 сала.

Втората категорија се 5 сали, кои според Равизорскиот Извештај, 3 од нив се завршени, тоа се салата во Нов Дојран, с. Драчево-Скопје и Делчево. Салите во Прилеп и во село Велгошти изискуваат дополнителни 7 милијони денари, за да бидат завршени. И тоа е најсветлата фаза во изградбата. Значи од 35, три изградени. За овие 5 сали биле потрошени 59,5 милиони денари, околу 1 милијон евра.

Третата категорија се сали, кои според Извештајот, само се почнати, со минимални средства. За нивно довршување, цитирам, потребни се средства како за нова инвестиција. Тоа се салите во село Доброшец, Ново Лисиче-Скопје, село Ристуше, Свети Николе и Куманово. За овие минимални активности биле потрошени 9,2 милијони денари. За да се довршат биле потребни дополнителни 74 милиони денари.

Четвртата категорија ревизорите вака ја опишале. Во оваа категорија спаѓаат 5 објекти, за кои е само расчистен теренот и оставено дел од конструкцијата. Тоа се салите Југ-Скопје, село Куклиш, село Пороj, Липково и Струга. И за тоа расчистување, за да може да се заокружат овие сали било потребно во 2003 година дополнителни 48 милиони и 513 илјади денари. Овој е првиот проект од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Ниту сме добиле сали, почитувани колеги, нити сме имале, ниту очигледно, тогашниот министер за фианнсии, некој го повикал на отчет што се случувало во тогашното време. Затоа воопшто не е смешно господине заменик минситер, кога пред нас вие и вашиот шеф ни нудите дополнително задолжување од 12,5 милиони евра за ист проект, проект 35 спортски сали. Но проблемот е многу подлабок и вие ќе мора да одговорите на неколку конкретни прашања.

Значи, во вашиот предлог стои дека овој проект ќе биде реализиран од, цитирам, проектот за изградба на фискуслтурни сали, ќе го реализира Министерството за образование и наука. Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт се различни буџетски корисници на средства. Па ве повикувам господине Трпевски да објавите зошто на веп сајтот на Бирото за јавни набавки на 22 јуни 2007 година завршил тендерот за изведба на 35 типски спортски објекти, со вкупна вредност од 515 милиони и 600 илјади денари, чиј набавувач стои Агенција за млади и спорт, а не Министерство за образование и наука. Понудувач во овој случај е фабрика “Карпош”, Акционерско друштво -Скопје. Во рака држам меморандум, информација за остварени приходи и расходи на основниот Буџет на Република Македонија за период 1 јануари 2007 и 30 јуни 2007 година, потпишан од министер, д-р. Трајко Славески. Ова ни беше понудено пред првиот ребаланс на Буџетот за 2007 година кој беше донесен на скандалозен начин на 31 јули 2007 година, после што, да не правам дигресија, следеше еден нов обид за упад на нелегитимен начин да биде одземен и симнат имунитетот на еден опозиционен пратеник. Дали една од причините беше да се сокрие ова за кое сега дебатираме, ќе остане времето да одговори. Бидејќи тогаш господинот Славески не убедуваше дека со ребалансот во јули 2007 година обезбедил средства за, ќе го цитирам, меѓу другото, средства за изградба на Северната трибина на Градскиот статуон во Скопје. А се сеќавате дека овие средства беа обезбедени и дел од 45-те милиони евра, што противзаконски Владата на Република Македонија, последите 10 дена од тековната 2007 година буквално ги распределуваше, нетранспарентно, незаконски,10 милиони евра доби и никој не знае за што се потрошени, Министерството за внатрешни работи, голем дел не можам да се сетам точна на денарскиот износ беше дека ќе има средства, конечно се обезбедуваат за Северната трибина на Градскиот стадион во Скопје. Но Трајко Славески, министерот за финансии не убедуваше дкеа тоа е веќе решена и апсолвирана работа со првиот ребаланс на Буџетот на 25 јули 2007 година. Меѓу другото, колегата Макрадули ова ќе го интересира, тогаш биле обезбедени средства за проекти во образованието, реализација на проектот компјутер за секое дете и Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип и што е најважно, тука биле обезбедени средства за изградба на спортски сали. Колку пати Буџетот на Република Македонија господинот министер за финансии и вие како негов заменик, апсолутно, никој не може да ве амнестира од вашата лична одговорност, сте предвиделе, а колку тек се потрошиле, ќе видиме, а претпоставувам со Извештајот за завршната сметка од Буџетот на Република Македонија за 2007 година што претпоставувам дека ќе биде разгледувано по 2-3 години, ама ве убедувам ког аи да се вратиме на власт, прво нешто што ќе гледаме, ќе гледаме реализација на Буџетот на Република Македонија во време на владеењето токму на оваа коалиција. Бидете убедени, исто како што сега ќе разгледуваме финансиски план за работа на МРТВ за 2007 година, или извештај за работењето за 2006 година, бидјеки тоа е ваш специјалитет, се разбира, потпомогнат од претседателот на Собранието, претпоставувам дека реализацијата на Буџетот во форма на завршна сметка ќе го доставите, ќе се обидете да го заборавите, или ќе го доставите по многу години, сеедно, бројките говорат, како што говореше и Извештајот за 2003, ќе говорат и за 2007 година. И тогаш се надевам господине Трпески ќе имате одговор на прашањето со кое право бил распишан тендерот за изградба на спортски сали, каде што се јавува Агенцијата за млади и спорт, а со самата Агенција никгоаш во нејзиното буџетско планирање не биле обезбедени, ниту планирани во некоја буџетска ставка. Апсолутно кршење на Законот за извршување на буџети. Апсолутна злоупотреба на службена должност. Кој, како и што и за што ги гради овие спортски сали. И што би рекол господинот Ѓорчев не е проблем во лавот, проблем се парите, проблем се финансиите. И на крајот ќе излезе дека овие 35 спортски сали, кои пред извесно време пуштени се во Облешево, во

Валандово и во Пехчево, се истите оние сали од првата група започнати од времето кога премиер беше Љубчо Георгиевски. Тогаш биле потрошени 6,5 милиони евра, сега планирате да ја задолжите Република Македонија на 20 години, за почетни 12,5 милиони евра, за кои никој не знае каква ќе биде каматната стапка и колку впрочем, ќе изнесува вкупниот износ што Република Македонија треба да го врати кон Банката за развој при Советот на Европа. Тоа никој не знае, иако многу коректно од пратеникот Поповски ви беше упатено прашање, вие не наоѓате ни потреба, ниту пак чувствувате одговорност да излезете и да дебатирате, што се случува со овој договор. Колку Република Македонија ќе ја чинат овие фамозни 35 спортски сали, специјалитет на ВМРО-ДПМНЕ, изведувач Министерство за образование и наука, раководено во вооj момент од страна на ДПА. Се разбира дека станува збор за политички дил. Цената претпоставувам, дека ќе ни биде јасна за многу кратко време. Ќе се види. Ниту пак господине Трпески некој умее да објасни дека согласно вашиот предлог ќе треба од Буџетот на Република Македонија да бидат платени средства 18% на име на ДДВ, но на цел износ, а целиот износ е 14 милиони и 300 илјади евра. Во денари, тоа се над 157 милиони денари. Дали во Буџетот за 2008 година го предвидовте ова и на која буџетска ставка. Па ако и таа сума ја ставиме во оние почетни 6,5 милиони, сега 14 милиони и 300 дополнителни неколку, 2,5 милиони евра дефакто ќе одат само на име на ДДВ. Колку ќе не чинат овие спортски сали.

Во овој момент инфлацијата во Република Македонија изнесува 8,7% иако на 3 февруари господинот Груевски информираше не се плашете, нема да биде инфлацијата поголеме од 3%. Но е демантиран за неполни две недели. Во овој момент цената на литар масло е 104 денари. Во овој момент покачена е цената на парното греење за 18%. Во овој момент во Република Македонија се случува страшна рецесија. Пад на животниот стандард.

Имавте можност со до сега најголемиот Буџет во Република Македонија многу попаметно да ги употребите овие работи. Апсолутно не сакам да ми импутирате дека некој овде е против изградба на спортски сали. Но кога ќе се спомне дека ВМРО-ДПМНЕ ќе ги гради тие спортски сали, на народот им се предочува зелена ледина, неизградени темели на кој ќе поминат како фурија претставниците на Владата, ќе турат две лопати и тука завршуваат проектите. А многу буџетски средства беа потрошени. За 6,5 милиони евра добивме три изградени спортски сали и сега три сали кои, ако почнам да ги читам а ги имам буџетите од 2007 година па наваму, на име на изградба на спортски објекти 2007 година и овие месеци од 2008 година се потрошени големи средства...

(Дофрлање од место).

Дозволете, еве го, 400 милиони денари за изградба на училишни и спортски сали. Извадок од експозето по Буџетот за 2008 година. Луѓе, имате ли исаф, вели народот? Умеете ли, имате ли стратегијада ја запрете ваквата експанзива инфлација? Имате ли механизам, имате ли идеа да почнеме да размислуваме за заштита на животниот стандард? Имавте предлози. Доаѓаа од нас. Тоа ли ви пречеше? Бевме подготвени да се повлечеме, а вие да ги спроведете.

Па, пред три месеци СДС повика Владата да изврши интервентен увоз на пченица. За по три месеци, пред неколку дена Груевски и Ставревски да не информриаат дека ќе увезувале пченица. Откао се поскапе лебот? Откога почна да се одмотува инфлаторната спирала? Не може да говориме за ефективна и Влада со визија, до колку три месеци доцни со сериозни чекори. Зошто не го прифативте нашиот предлог за намалување на ДДВ за нафта и нафтени производи од 18% на 5%? Автоматски ќе паднеше цената на нафтените производи. А, таа е директен импут во секоја цена.

**Благој Зашов:** Ве молам не излегувајте од темата ако може.

**Весна Бендевска:** Ве молам да не ми упаѓате. Говорам како се трошат буџетски средства. Имате право да ме прекинете, но ако имате намера да ми ја одземете концепцијата на говорот и ако оваа не е тема за која треба сериозно да почнеме да размислуваме...

(Дофрлање од место, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Не само што ќе продолжам господине Зашов, туку ќе почнам повторно затоа што овие тези заслучуваат внимание. Немаме посериозна тема од оваа.

Конечно, не можеме да го добиеме Славески, но тука е Трпески.

Кога ќе додје? Во 17,50 часот?

Прашањата се отворени. Не ги поставуваме само ние како опозициона парламентарна партија. Секој ден се зголемува бројот на граѓани кои ги поставуваат истите прашања.

(Дофрлање од место).

Јас ве молам ако може да ми обезбедите услови. Ако има доктори на науки, овде имаме од економските струки, еве ја говорницата, ако имате добар предлог сериозно ќе го размислиме и ќе го подржиме. Сега само не знам, до некни бевте социјал демократ левичар, сега сте десно ориентирани, сега не знам какви предлози од вас ќе дојдат...

**Благој Зашов:** Ве молам не се впуштајте во дијалози. Продолжете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Очекувам иста мерка, како што мене ме опоменувате, опоменете ја и колешката. Ако конечно не е заинтересирана, не мора ни да слуша.

**Благој Зашов:** И од вас зависи дали вниманието ќе го обезбедите госпоѓо Бендевска, продолжете.

**Весна Бендевска:** Јас господине Зашов немам проблем ниту со внимание ниту со реакциите.

Подготвена сум да говорам пред празна сала, но пред македонската јавност, преносот тече.

Значи, говориме дека повторно остануваат неодговорени прашањата околу предлогот за задолжување на Република Македонија. Освен дилемата што стои и ја отвори господинот Поповски, а вие очигледно немате одговор, ја отвора втората голема дилема кој, дали Министерството за образование и наука, дали Агенцијата за млади и спорт буквално ќе го реализира овој проект.

**Благој Зашов:** Продолжете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Сега ќе почнам повторно, бидејки министерот дојде, сакам тој да слушне.

Не само што ја слушнавте мојата дискусија господине Славески, туку треба и да ја елаборирате овде пред нас дали во овој момент се работи за сериозен проект за изградба на фамозни 35 спортски сали, или пак се работи, како што кажа колегата Макрадули повторно за обид да се испарат значајни буџетски средства од Република Македонија. Се надевам дека слушнавте и вие сте најповикан како министер за финансии да одговорите што се случува во овој момент со граѓаните на Република Македонија, со оглед на 8,7% инфлаторна стапка, со оглед на тоа што во вашиот Меморандум по трет пат дефакто обезбедувате средства за изградба на истите 35 спортски сали. Кажав, согласно Ревизорскиот Извештај од Друштвото ревизорски Македонски центар Скопје кој во 2003 година говореше за Проектот од менторот на Груевски, господинот Георгиевски, но апсолутно со комплетна тежина на тогашен министер за финансии Никола Груевски.

И она што е најбитно, дозволете, бидејки не сум сигурна дека видовте, барам одговор на прашањето, ова е извадок од Регистарот од Бирото за јавни набавки, на 22 јуни 2007 година склучен, завршен е тендерот и склучен е договор меѓу набавувачот Агенцијата за малди и спорт и понудувачот Фабрика "Карпош" А.Д. Скопје на износ од 515.600.000 денари за работи, значи не е стока, не е услуга, туку работа и опис на набавката е изведба на 35 типски спортски објекти. А, само по три дена во Меморандумот, односно Извештајот потпишан од ваша страна за реализација на приходите и расходите за периодот од 1 јануари 2007 до 31. јули 2007 година кажавте дека се обезбедуваат, меѓу другото и средства за изградба на спортски сали.

Дали тоа значи дека тендерот бил распишан без предвидени средства и буџетска ставка на 515.600.000 односно на цели 800.000.000 денари колку што била проценетата вредност за ова набавка? Дали тоа значи дека пред време, ми се чини дека ова е втор или трет пат ваш случај што исто така говоревме за распишан тендер за набавка на компјутери без предвидени буџетски средства. Законот за извршување на Буџет вели дека тоа апсолутно не е дозволено. Тоа е фалагрантно кршење на Законот.

Нема сега да говорам ни за злоупотреба на службена должност, но барам компетентен одговор, релевантен и во однос на тоа дали во овој момент во Република Македонија треба дополнително да се задолжи со 12,5 милиони евра кај Банката за развој при Советот на Европа за изградба на, не дај Боже, по втор пат фамозни фантомски спортски сали. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

За процедурално се јави господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, согласно член 76 од Деловникот за работа на Собранието, барам Собранието да се изјасни, овој закон да го вратиме на Комисијата за финансирање и буџет и таа да се изјасни и да ни достави извештај по истиот.

Барам подршка од 10 пратеници.

**Благој Зашов:** Има 10 пратеници.

Со оглед на тоа, според состојбата на присутните во салата, очигледно дека не би можеле да гласаме. Јас би молел да влезат сите пратеници кои се наоѓаат надвор од салата, за да можеме да гласаме по предлогот на господинот Макрадули.

Според процедурата мораме прво да гласаме, па потоа ќе продолжиме со работа, вклучително и со репликите.

Господо пратеници, молам за мало внимание.

Би сакал да ве известам дека во овој момент добив копие од дописот на претседателот на Комисијата за финансирање и Буџет, со што се известува претседателот на Собранието, тоа е 23 јануари 2008 година, дека овој Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договор за заем, за што дебатираме денеска, вил поставен на седницата на Комсиијата за финансирање и буџет, што требала да се одржи на 23 јануари 2008 година. Меѓутоа, овој Предлог за донесување на закон и другите три точки не биле разгледани поради тоа штонемалокворум.

Тоа значи дека Комсииајта не го разгледала од причини што во тој момент немало кворум.

(Реакции во салата).

Оттука, би сакал предлагачот да се изјасни дали инсистира, сепак и покрај ова известување да гласаме по повод неговиот предлог.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас го цитирав членот 76 од Деловникот каде се вели дека во текот или до завршувањето на претресот Собранието може да одлучи прашањето што се претресува да го одложи и да го упати на надлежното работно тело, односно Владата дополнително да го разгледаат и на Собранието да му поднесат извештај со мислење и предлози.

Кога се работи за 12,5 милиони евра не верувам дека е коректно да Комисијата за финансирање и Буџет не се изјасни и не даде извештај.

Во минатото имавме пракса за пренамена на средства, кога тоа на Владата и требаше, да претседателот на Собранието назначи човек, кој не беше претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, кој го разгледа тој материјал и во овој момент можеме истото да го направиме. Претседателот на Собранието може коректно и легитимно, согласно Деловникот, да ја закаже, да определи човек кој ќе ја закаже Комисијата и да добиеме извештај. Не се мали пари 12,5 милиони евра. Ние ќе останеме тука да бидеме дел од кворумот. Можевме да напуштиме, но не сакаме, затоа што мислиме дека е ова сериозна работа. 12,5 милиони евра без Комисијата за финансирање и буџет навистина не е да ги разгледуваме овде.

**Благој Зашов:** Господине Макрадули благодарам.

Мислам дека, согласно Деловникот имате право да инсистирате да се разгледа од Комисијата за фианнсирање и буџет, а со оглед на тоа што во моментов немаме кворум да решаваме по вашиот предлог, јас овде ќе ја прекинам седницата и дополнително ќе закажеме состанок на Комисијата за фианнсирање и буџет за разгледување на вашето барање. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,24 часот)